## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

## Извадок на дел од дневни настани 20.10.2019

На 20.10.2019 во 01.30 часот на паркинг пред спортски објект во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Л.(20) и Н.Г.(25) од Тетово, бидејќи при извршен преглед кај нив биле пронајдени таблети екстази. По целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 19.10.2019 во 20.00 часот во Рекреативен центар Треска, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Ј.(25) од Р.Албанија, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот,

против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Д.Г.(58) од с.Чешиново, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". На 23.08.2019 пријавениот, како претседател на здружение на ловци од Чешиново, и покрај тоа што знаел дека од 01.04.2019 со одлука на Владата на Р.С.Македонија концесијата за ловиштето „Соколарци" била одземена од наведеното здружение, им овозможил на две лица од Р.Грција да ловат дивеч во наведеното ловиште.

Надворешната кацеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против И.А.(52) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 18.03.2019 во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин.

На 19.10.2019 година во 15.00 часот на Граничен премин „Богородица", од слобода бил лишен М.М(26) од Република Албанија, кај кого при преглед на патничко моторно возило„мерцедес Е270", со албански национални ознаки, во специјално направен бункер службеници на Царинската управа пронашле 13 пакувања марихуана, со вкупна тежина од 11 кг. По целосно документирање на случајот, против лицето ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.10.2019 во 14.00 часот на регионалниот пат Скопје - Тетово, полициски службеници од СВР Скопје го привеле С.Е.(44) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.10.2018 околу 21.00 часот во спортски објект во Струга биле приведени Д.С.(18) и Н.Ј.(26), и двајцата од Струга, поради постоење основи на сомнение за напад и спречување на службено лице во вршење на службено дејствие при одржување на ракометен натпревар. По целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 20.10.2019 во 05.15 часот на крстосницата од ул.„Аминта Трети" со ул.„Орце Николов" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „киа конкорд", со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.К.(33) од с.Студеничани, скопско, и патничко моторно возило „форд фокус", со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Н.(54) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил В.Н., кој бил пренесен во Градска општа болница „8-ми Септември". Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Скопје.

На 19.10.2019 во 18.00 часот на регионалниот пат во с.Неготино, гостиварско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „ауди", со тетовски регистарски ознаки, управувано од Т.С.(19) и трактор „имт 533", управуван од Н.Ј.(40), и двајцата од с.Неготино, гостиварско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Н.Ј., кој бил пренесен во Медицински центар Гостивар за укажување на лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршила екипа од Полициска станица Гостивар.

На 19.10.2019 во 18.50 часот во СВР Скопје, З.С.(53) од Скопје пријавила дека околу 18.00 часот на кеј на река Вардар била касната од куче скитник во пределот на левата нога и раката.

Поради постоење основи на сомнение за сторено казнено дело „злоупотреба на службена положба и овластување", полициската станица од Дебар поднесе кривична пријава против правниот субјект „Сува Гора" и сопственикот С.А.(51) од селото Чифлик-Желино. Со пријавата, за сторено дело „кражба", опфатени се и С.Д.(35), од дебарското с.Могорче и А.К.(33) од Дебар, референт во Јавното претпријатие „Македонски шуми"-Стогово. Тие, по претходен меѓусебен договор, на 09.10.2019 година, извршиле кражба на огревни букови дрва . За огревната маса не обезбедиле испратница за транспорт, не извршиле чекирање на огревните дрва и ги натовариле во товарно возило „мерцедес", сопственост на сопственикот на правниот субјект.

Надворешната кацеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против С.Џ.(40) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производствои пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурсори". На 25.09.2019 на ул.„Беровска" во Прилеп, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавената, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.А.(23) и М.Е.(22), двајцата од Виница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При преглед кај нив, полициски службеници пронашле и одзеле амфетамини.

На 19.10.2019 околу 20.00 часот во СВР Тетово бил лишен од слобода Н.Н.(66) од с.Чегране, тетовско, поради тоа што при подмирување на обврски од должничко-доверителски односи, тој испукал со пиштол кон А.А.(24) од истото село, но не го погодил. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Тетово. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.10.2019 во 17.13 часот во СВР Скопје, Д.А.(43) од Скопје пријавила дека додека била со нејзината малолетна ќерка во автобус бр.21, кој сообраќал по ул.„Скупи", биле физички нападнати од група на малолетни лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.10.2019 во 15.00 часот во СВР Скопје, Б.Ф. од Скопје, пријавила дека од установа се оддалечила нивната штитеничка М.С.(17), која и претходно во повеќе наврати се оддалечувала и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 20.10.2019 во 01.57часот во Полициска станица Центар, В.А.(19) од Скопје пријавил дека на 19.10.2019 околу 22.30 часот, во близина на угостителски објект на бул. „Партизански одреди", бил физички нападнат од А.Г. и А.С. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.10.2019 во 15.40 часот во СВР Скопје, Б.Д.(47) од с.Миладиновци, скопско, пријавил дека околу 15.30 часот на ул.„10" во с.Миладиновци, поради меѓусебно недоразбирање, дошло до физичка пресметка меѓу Е.Д.(18) од с.Миладиновци и 17-

годишен малолетник од Скопје од една страна, и И.М.(42) и Ф.М.(19), и двајцата од с.Миладиновци, од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.10.2019 во 23.30 часот во СВР Тетово, на ул.„Благој Тоска" во Тетово, била лишена од слобода Д.К.Ш.(37) од Тетово, поради тоа што околу 22.30, по претходна расправија, физички ги нападнала З.С.(53) и Д.С.(32), и двете од Тетово. По целосно документирање на случајот, против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.10.2019 во 15.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека настанал шумски пожар над с.Букојчани, на место викано „Чашка", каде биле опожарени смреки, сува трева и суви дрва. Противпожарната единица во Кичево презема мерки за негово локализирање.

На 20.10.2019 во 01.10 часот во СВР Скопје, К.С.(45) од Скопје пријавил дека на 19.10.2019 околу 19.30 часот на ул. „Алекса Демниевски", поради недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од страна на М.Н., заедно со уште неколку лица, кои го оштетиле и неговото патничко моторно возило. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.10.2019 во 21.40 часот во Полициска станица Центар, С.Н.М. од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината ќерка Г.М.(38), која имала здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 20.10.2019 околу 02.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Батинци, скопско, во близина на угостителски објект на ул.„1", на Е.Х.(39) од Скопје, таксист, со закана му биле одземени пари од две лица кои ги превезувал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.10.2019 во 17.45 часот во Полициска станица Кавадарци бил приведен А.Г.(29) од Кавадарци, бидејќи на ул.„Блажо Алексов", по претходна расправија, тој физички нападнал малолетник, заедно со уште три лица од Кавадарци. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.10.2019 во 04.29 часот во Полициска станица Прилеп, Р.М. од Прилеп, вработен во спортска обложувалница на ул.,,Борка Талески" во Прилеп пријавил дека околу 04.11 часот едно лице со употреба на сила одзело пари од метален сеф. Увид извршила екипа од Полициска станица Прилеп. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.10.2019 во 04.15 часот, по претходно спроведена акциска контрола во угостителски објект, полициски службеници од Полициска станица Гостивар ја лишиле од слобода Б.З.(44) од Република Косово, поради незаконски престој во Република Северна Македонија.Таа била задржана во полициска станица за понатамошна постапка.

На 20.10.2019 околу 02.00 часот во Полициска станица Струга било пријавено дека А.М.(58), во алкохолизирана состојба, паднал од незаградениот балкон од својот дом и од здобиените повреди починал. Од извршениопт увид не се констатирани траги на насилство.

### МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

### АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

### ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

### ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)